# Агент за наплата на долгови

**Credissimo** е динамична високотехнолошка компанија основана во 2007 година и е една од компаниите со најбрзиот развој на FinTech/Фин Тек субјекти во небанкарскиот финансиски сектор во Европа.

**Финансиско друштво КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје**, како дел од групацијата на **Credissimo Group**, со своите иновативни решенија и автоматизирани процеси, одговара на потребите на клиентите во случај на потреба за краткорочно финансирање. Водени од желбата да бидеме максимално достапни, корисни и удобни за секој кој има потреба од користење на нашите услуги, ние сме една од првите компании во Република Северна Македонија кои овозможија целосно онлајн аплицирање за кредит, како и одобрување и исплата на средстата само за неколку минути.

Ние во **Credissimo**, го продолжуваме нашиот брз развој и бараме **Агент за наплата на долгови** да се приклучи на нашиот млад и талентиран тим.

**Главните задачи и одговорности за оваа позиција се:**

- Да се договара за плаќање на заостанати побарувања со должниците на нивна адреса или по телефон, согласно внатрешни политики, процедури и стратегија на Друштвото;
- Посетување и потврдување на валидност на адреси;
- Да користи флексибилен и индивидуален пристап во комуникацијата;
- Да применува различни видови стратегии и методи за реализирање на целите со цел постигнување на повисоки резултати;
- Да ги ажурира добиените информации во специјализиран софтвер;
- Да подготвува извештаи и евиденција за преземените активности во врска со наплата на долгови;
- Да ги извршува своите должности во согласност со политиката на Друштвото и законските прописи;
- Да врши и други работни обврски по налог од работодавачот во согласност на работните обврски;

**Што ни е потребно за позицијата Агент за наплата на долгови:**

- Завршено средно образование;
- Познавање и работа со компјутери;
- Искуство со MS Office ќе се смета за предност;
- Претходното искуство во наплата на достасани побарувања во кредитна/финансиска институција ќе се смета за предност;

**Она што друго го бараме во идниот кандидат** - организираност, способност за работа под притисок, вештини за убедување, фокус кон резултати, високо ниво на доверливост и лојалност.

**Она што го нудиме од Кредисимо:**

- Активни работни часови по сопствен избор;
- Атрактивен надомест за посочената позиција;
- Можност за дополнителни бонуси поврзани со реализираните цели;
- Проширување на тимот и можност за развој на кариерата;
- Можност да се биде дел од компанија која е објавена во Топ 10 на компаниите за алтернативно финансирање во Европа од European Fintech Awards.

Доколку се пронаоѓаш во оваа работна позиција и мислиш дека си правиот кандидат, ние те охрабруваме да аплицираш за позицијата и да станеш потенцијален член од нашето големо Фин Тек семејство.

Твоето CV може да го испратиш на contacts@credissimo.mk

**Финансиско Друштво КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје**